Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница, на ден 01.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1244/1 од 26.03.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

Предметот со број 12-1244/1 од 26.03.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, по електронски пат, на ден 26.03.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интереси е поднесена пријава, без прилози, по која е оформен предмет број 12-1244/1 од 26.03.2024 година.

По извршениот увидот во доставената анонимна пријава ДКСК констатира дека во истата нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на конкретни службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Пријавата е нејасна, неразбирлива и конфузна, не може да се утврди ниту за кого е поднесена. Дополнително, имајќи предвид дека пријавата е анонимна ДКСК нема можност да обезбеди било какви дополнителни информации за понатамошно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК